Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3, член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 41 став 1 и став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 42 став 2 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година и Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје Уп1 бр.02-216 од 31.7.2026 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3207/4 од 25.8.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 29. седница одржана на 25.8.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена на сопственичката структура на Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], со учество од 33,3% во основната главнина и за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр. [redacted], Скопје, со учество од 33,3% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје должно е да ја спроведе промената на сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, оваа одлука ќе се поништи.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговско Радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр. 02-216 од 31.7.2026 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје. Воедно, радиодифузерот ја извести Агенцијата дека Известувањето за промена на сопственичка структура го доставува по спроведена оставинска постапка според која законски наследник на уделот на еден од сопствениците, лицето [redacted] е физичкото лице [redacted].

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр. 02-216 од 31.7.2026 г.) од страна на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Агенцијата, со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, обезбеди информации за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба, бр.0820-50/150020260328478 од 20.8.2026 г., од кои е видно дека лицето [redacted] не се јавува како основач на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици што го води Централниот регистар, од каде го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик" за [redacted], бр.2007-50/150020260328498 од 20.8.2026 г., од кој може да се констатира дека ова лице не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект.

По извршената промена на сопственичка структура, сопственици на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје ќе бидат: [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. [redacted] бр. [redacted], со учество од 33,3 % во основната главнина; [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. [redacted] бр. [redacted], со учество од 33,3 % во основната главнина и [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. [redacted] бр. [redacted], со учество од 33,3 % во основната главнина.

ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје е должно да ја спроведе промената на сопственичката структура од точка 1 на оваа Одлука во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, оваа одлука ќе се поништи.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура на ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје Уп1 бр.02-216 од 31.7.2026 г., Советот на Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-216**
**26.8.2026 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**претседател на Советот,**
**м-р Сашо Стефановски, с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.